**МК 13 IPA SO 02 15**

Твининг проект финансиран од ЕУ: „Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации“

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАЦИОНАЛНИОТ ОДБОР ЗА МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ


Ко-проектен лидер Ана Тецилажиќ Горшиќ

Краткорочен експерт Ружица Бељо Лучиќ

Краткорочен експерт Јосипа Чешновар

Краткорочен експерт Лех Богута


18 април 2017

Верзија IV

Согласно член 16 од Законот за Националната рамка на квалификации (Службен весник на Република Македонија бр. 137/2013), Националниот одбор, на состанокот одржан на xxxxyyyyy го усвои следниот

**Правилник за работењето на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации**

**I.**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува работењето на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации (во понатамошниот текст: Национален одбор) и поконкретно неговите активности поврзани со давање совети за политиките на надлежните институции; поврзување на образованието со потребите на пазарот на трудот; распоредување на квалификациите во Македонската рамка на квалификации (во понатамошниот текст: МРК), а особено во Регистарот на квалификации (во понатамошниот текст: Регистар) што опфаќа постапки за вклучување на квалификации од основното и гимназиското образование, и за редовните ученици и за возрасните, квалификации од основното и средното уметничко образование, квалификации од стручното образование и обука овозможени во формалниот образовен систем и надвор од него, квалификации во постсредното образование и стручното образование на возрасни и високото образование; усвојување на методолошки документи и упатства поврзани со МРК; поврзаност со секторските комисии за квалификации и активности поврзани со системско следење на севкупната имплементација на МРК.

### Член 2

Сите термини кои се употребуваат во овој Правилник во машки род се родово неутрални и се однесуваат подеднакво и на мажите и на жените.

**Член 3**

(1) Јавно достапните информации во Регистарот се јавно добро.

(2) Стандардите на занимања и стандардите на квалификации опфатени во Регистарот се јавно достапни и објавени во целост.

(3) Образовните програми кои се сообразни со стандардите на квалификации од Регистарот се сопственост на понудувачите на образовни услуги и не се објавуваат. Само основни информации за образовните програми се дел од јавно достапниот Регистар.

## II.

## ДАВАЊЕ СОВЕТИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

**Член 4**

Националниот одбор врши процена на политиките за образование, вработување, доживотно професионално насочување и регионалниот развој од аспект на развој на човечкиот потенцијал и негов придонес во зголемување на конкурентноста на Република Македонија преку процена на

- развојот и спроведувањето на стратегии и акциски планови,
- развојот и спроведувањето на законодавството,
- спроведувањето на програми и проекти,
- употребата на ефикасни механизми на финансирање,
- влијанието на избрани национални или меѓународни политики,
- резултатите од меѓународните оценувања на учинокот на учениците,
- ефикасноста на програмите за обука и
- развојот и спроведувањето на други поврзани политички алатки и активности.

## Член 5

(1) Националниот одбор врши процена на политиките преку редовни состаноци со надлежните органи, преку порачка на таргетирани студии и истражувачки анализи или преку употреба на други соодветни средства.

(2) Надлежните органи вклучуваат владини институции, јавни и приватни установи и тела кои се надлежни, согласно закон, за развој, планирање и спроведување на активности поврзани со стратегии и акциски планови, законодавство, програми и проекти, ефикасни механизми на финансирање, избрани национални или меѓународни политики, резултати од меѓународни оценувања на учинокот на учениците, програми за обука и други поврзани политички алатки и активности.

(3) Посебно се организираат состаноци со надлежните органи за тековниот статус на развојот на избраната политика.

(4) За целите на развој на студии и истражувачки анализи, Националниот одбор доставува опис на задачата за побараното истражување и обезбедува финансиски средства од достапните ресурси од Државниот буџет и/или со употреба на европски финансиски средства, програми и проекти.

## Член 6

Националниот одбор:

- дава препораки за развојот на политиките до националните органи и креатори на политики од аспект на развој на човечкиот потенцијал или неговиот придонес кон конкурентноста на Република Македонија,
- ги именува своите претставници, кога е тоа побарано, за учество во работата на работните групи и комисии кои развиваат стратегии, политики и/или законодавство релевантно за политичките области кои се под надлежност на Националниот одбор.

## III.

## ПОВРЗУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО СО ПОТРЕБИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

### Член 7

(1) Националниот одбор дава препораки за подобрување во поврзувањето на образовниот систем со потребите на пазарот на трудот, при што надлежноста на Националниот одбор вклучува препораки за:

- приоритетни сектори за економски развој
- политики на запишување/ квоти на запишување
- потребни ревизии на наставните програми на сите нивоа на квалификации
- вклучување на учење засновано на работа во развојот на наставни програми
- професионално насочување кон занимања од економски интерес
- мрежи на (јавни) училишта, (јавни) високообразовни установи, (јавни) организации за истражување, образовни програми и студиски програми.

(2) Ако релевантниот материјал потребен за изготвување на препораките не е јавно достапен, ќе биде побаран од страна на Националниот одбор од надлежните институции со цел давање препораки кои се засноваат на докази.

## IV.

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИИ ОД ОСНОВНОТО, ГИМНАЗИСКОТО И УМЕТНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

### Член 8

### Иницијатива

(1) Иницијатива за развој или ревизија на стандардите на квалификации за основното образование, гимназиското образование, уметничкото образование и соодветните програми поведува самиот Национален одбор, или врз основа на образложен предлог од засегната организација или институција.

(2) Националниот одбор ја испраќа иницијативата до Министерството за образование и наука, до неговото составно одделение одговорно или за основно образование или за гимназиско образование.

(3) Иницијативата на Националниот одбор содржи:

1. назив на стандардот на квалификација и/или програмата за кои се предложува да бидат развиени или ревидирани;
2. образложение за иницијативата кое го вклучува следново:
   - стандардот на квалификација и/или соодветната програма не постои во Регистарот.
   - стандардот на квалификација и/или соодветната програма истекува.
   - стандардот на квалификација и/или соодветната програма е важечки/а, но од оправдани причини треба да биде ревидиран/а.

### Член 9

### Барање

(1) Министерството за образование и наука, преку неговото составно одделение

одговорно или за основно или за гимназиско образование поднесува барање до Бирото за развој на образованието за развој или ревизија на стандарди на квалификации за основно образование, гимназиско образование, уметничко образование и/или соодветните програми.

(2) Во случај на образовни програми за ученици со посебни потреби, Министерството за образование и наука поднесува барање до Бирото за развој на образованието за развој на приспособени образовни програми во согласност со соодветните стандарди на квалификации.

(3) Во случај на образовни програми за возрасни, Министерството за образование и наука поднесува барање до Центарот за образование на возрасни за развој на приспособени образовни програми во согласност со соодветните стандарди на квалификации.

**Член 10**

**Развој**

По прием на барањето од член 8 став 1, Бирото за развој на образованието развива стандарди на квалификации и/или образовни програми врз основа на одговорностите, начелата на соработка и постапките како што се пропишани во „Протоколот за заедничкото работење на Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни за развој на стандарди на квалификации и развој на програмата“.

**Член 11**

**Предлог**

(1) По развивање или ревизија на стандардите на квалификации за основно образование, гимназиско образование и уметничко образование и/или соодветните образовни програми, Бирото за развој на образованието поднесува предлог за распоредување во Регистарот до Министерството за образование и наука, до неговото составно одделение одговорно за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

(2) Предлогот се состои од предложениот стандард на квалификација и/или образовната програма, како и придружен допис.

(3) Придружниот допис содржи објаснение за начинот на кој бил развиен стандардот на квалификација и, во случај ако е поднесена програмата, како била усогласена програмата со стандардот на квалификација, конкретно со описи на нивоата на резултатите од учењето.

(4) И предлогот и придружниот допис мораат да бидат потпишани и/или заверени од овластени лица и да бидат доставени или по пошта или електронски до Министерството за образование и наука, до одделението одговорно за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

(5) Одделението во Министерството од став 4 од овој член оценува дали поднесената документација е соодветно комплетирана и изготвува предлог за евалуација која треба да биде извршена од Националниот одбор.

**Член 12**

**Стандарди на квалификации**

(1) Националниот одбор врши евалуација на предложените стандарди на квалификации користејќи ги општите критериуми од член 33 од овој Правилник и специфичните критериуми пропишани во методологијата за евалуација на стандардите на квалификации усвоена од Националниот одбор.

(2) За време на процесот на евалуација, Националниот одбор може да одржува советодавни состаноци со претставници на Бирото за развој на образованието со цел да се договори за конечната верзија на стандардот на квалификација.

(3) Кога резултатот од евалуацијата на предложениот стандард на квалификација е позитивен, Националниот одбор го усвојува стандардот на квалификација и издава Одлука за внесување на стандардот на квалификација во Регистарот.

(4) Врз основа на Одлуката на Националниот одбор, одделението за административна поддршка на работењето на Националниот одбор и на секторските комисии за квалификации го внесува стандардот на квалификација во Регистарот.

(5) Стандардот на квалификација од Регистарот служи како референтна точка за развој и евалуација на образовни програми кои водат кон постигнување на соодветната квалификација.

## Член 13

## Образовни програми

(1) Националниот одбор ја оценува усогласеноста на образовните програми со соодветните стандарди на квалификации користејќи ги општите критериуми од член 33 и специфичните критериуми пропишани во методологијата за оценка на усогласеноста на образовните програми со соодветните стандарди на квалификации, усвоена од Националниот одбор.

(2) Кога резултатот од оценката на предложената образовна програма е позитивен, Националниот одбор издава Мислење за усогласеност до министерот за образование и наука.

(3) Врз основа на позитивното мислење на Националниот одбор, министерот за образование и наука усвојува Одлука за внесување на образовната програма во Регистарот.

(4) Одделението во Министерството за образование и наука кое дава административна поддршка на работењето на Националниот одбор и на секторските комисии за квалификации ја внесува образовната програма во Регистарот.

# V.

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИИ ОД СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

## Член 14

## Иницијатива и развој

(1) Иницијатива за развој или ревизија на стандардите на занимања поведува самиот Национален одбор, или врз основа на образложен предлог од засегната организација или институција.

(2) Националниот одбор ја испраќа иницијативата до Центарот за стручно образование и обука кое ќе го развива или ревидира стандардот на занимање користејќи ја методологијата за развој на стандарди на занимања усвоена од Националниот одбор.

(3) Се поведува иницијатива кога постои јавен интерес за развој или ревизија на одредени стандарди на занимања, соодветни стандарди на квалификации и соодветни образовни програми.

(4) Доколку нема иницијатива од Националниот одбор, која било заинтересирана страна може да развие стандарди на занимања со сопствени ресурси и со користење на методологијата за развој на стандарди на занимања.

(5) Доколку има иницијатива од друга заинтересирана страна, предложениот стандард на занимање се поднесува до Министерството за образование и наука, до Одделението одговорно за обезбедување административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации и се спроведуваат истите процедури пропишани со овој Правилник.

## Член 15

## Предлози за стандарди на занимања

(1) Предлогот за вклучување или ревизија на постоечки стандард на занимање во Регистарот на одобрени стандарди на занимања се состои од предлогот за вклучување или ревизија на стандардот на занимање и придружен допис.

(2) Во придружниот допис се содржи куса информација за образложението за развој или ревизија на стандардот на занимање, употребените методи и експертите вклучени во развојот на стандардот.

(3) И предлогот за вклучување или ревизија на стандардот на занимање и придружниот допис мораат да бидат потпишани и/или заверени од овластено лице и да бидат доставени или по пошта или електронски до Министерството за образование и наука, до одделението одговорно за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

(4) Одделението од став 3 од овој член оценува дали поднесената документација е соодветно комплетирана и одлучува која секторска комисија за квалификации ќе биде надлежна за евалуација на предложениот стандард на занимање и изготвува предлог за евалуацијата која треба да биде извршена од секторската

комисија за квалификации.

## Член 16

## Евалуација на стандардите на занимања

(1) Секторската комисија за квалификации врши евалуација на предложениот стандард на занимање користејќи ги општите критериуми од член 33 и специфичните критериуми пропишани во методологијата за евалуација на стандардите на занимања, усвоена од Националниот одбор.

(2) За евалуација на предлозите за вклучување или ревизија на стандардите на занимања за кои членовите на секторските комисии за квалификации немаат соодветен профил или експертиза, секторските комисии за квалификација може да вклучат надворешни експерти во евалуацијата.

(3) Ако резултатот од евалуацијата на секторската комисија за квалификации е негативен, предлогот за вклучување или ревизија на стандардот на занимање се враќа кај барателот на понатамошна ревизија, заедно со препораки и насоки за тоа какви промени треба да бидат направени.

(4) Ревидираниот предлог за вклучување или ревизија на стандардот на занимање може да биде одново поднесен за евалуација.

(5) Кога резултатот од евалуацијата на секторската комисија за квалификации е позитивен, таа на Министерството за труд и социјална политика му дава позитивно мислење за усвојување на нов или ревидиран стандард на занимање.

(6) Комуникацијата помеѓу секторските комисии за квалификации и барателот се одвива преку Министерството за образование и наука, преку одговорното одделение кое дава административна поддршка на Националниот одбор и на секторските комисии за квалификации.

## Член 17

## Усвојување на стандардите на занимања

(1) Врз основа на позитивното мислење на секторската комисија за квалификации за вклучување на новиот или ревидиран стандард на занимање во Регистарот, надлежниот министер за труд и социјална политика го усвојува предложениот

стандард на занимање преку издавање Одлука за вклучување на стандардот на занимање во Регистарот на стандарди на занимања.

(2) Стандардот на занимање се употребува до назначен датум. По овој датум се бара ревизија на стандардот на занимање.

(7) По усвојување на одлуката за вклучување на новиот или ревидиран стандард на занимање во Регистарот на одобрени стандарди на занимања, Министерството за труд и социјална политика го известува Министерството за образование и наука, преку одговорното одделение кое дава административна поддршка на Националниот одбор и на секторските комисии за квалификации, и Центарот за стручно образование и обука, или по електронски пат, или со користење на информацискиот систем поврзан со Регистарот, или по пошта.

**Член 18**

**Иницијатива за развој или ревизија на стандарди на квалификации и/или образовни програми**

(1) Иницијативата за развој на стандард на квалификација и/или образовна програма се поведува автоматски, преку информацискиот систем управуван од Министерството за образование и наука, од одделението во состав за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации или преку традиционалните начини на комуникација.

(2) Одделението од став 1 од овој член го известува одделението во Министерството одговорно за основно и средно образование дека е усвоен стандард на занимање и дека ќе бидат развиени соодветните стандард(и) на квалификации.

(3) Еден стандард на квалификација може да упатува на повеќе од еден стандард на квалификации и еден стандард на занимање може да се користи како основа за повеќе стандарди на квалификации.

**Член 19**

**Барање за развој или ревизија на стандардите на квалификации и/или образовни програми**

Министерството за образование и наука, односно неговото одделение во состав за

основно и средно образование поднесува барање до Центарот за стручно образование и обука за развој или ревизија на стандард на квалификација и/или програми врз основа на усвоен стандард на занимање.

**Член 20**

**Развој**

(1) По прием на барањето од член 19, Центарот за стручно образование и обука развива и/или ревидира стандарди на квалификации и/или образовни програми врз основа на одговорностите, начелата на соработка и постапките како што се пропишани во „Протоколот за заедничкото работење на Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни за развој на стандарди на квалификации и развој на програмата“.

(2) Во случаи кога не било побарано развивање на стандарди на квалификации од Министерството за образование и наука, стандардите на квалификации може да бидат развиени од која било заинтересирана страна со сопствени ресурси и со користење на методологијата за развој на стандарди на квалификации и образовни програми.

**Член 21**

**Предлог**

(1) По развивање или ревизија на стандардите на квалификации и/или соодветните образовни програми, се поднесува предлог за распоредување во Регистарот до Министерството за образование и наука, до неговото одделение во состав за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

(2) Предлогот за вклучување на стручниот стандард на квалификација и/или образовната програма во Регистарот се состои од предлогот за стандардот и/или образовната програма и придружен допис.

(3) Во придружниот допис се содржи куса информација за оправданоста за развој или ревизија на стандардот, употребените методи и експертите вклучени во развојот на стандардот и, во случај ако е поднесена програмата, како програмата

била усогласена со стандардот на квалификација и конкретно со наведување на описи на нивоата на резултатите од учењето.

(4) И предлозите и придружниот допис мораат да бидат потпишани и/или заверени од овластено лице и да бидат доставени или по пошта или електронски до Министерство за образование и наука, до одделението одговорно за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

(6) Одделението во Министерството од став 5 од овој член оценува дали поднесената документација е соодветно комплетирана, одлучува која секторска комисија за квалификации ќе биде надлежна за евалуација на предложениот стандард на квалификација и/или образовна програма и изготвува предлози за евалуацијата која треба да биде извршена од секторската комисија за квалификации.

**Член 22**

**Евалуација на стандардите на квалификации**

(1) Секторската комисија за квалификации врши евалуација на предложениот стандард на квалификација користејќи ги општите критериуми од член 33 и специфичните критериуми пропишани во методологијата за евалуација на стандардите на квалификации усвоена од Националниот одбор.

(2) За евалуација на предлозите за вклучување или ревизија на стандардите на квалификации за кои членовите на секторските комисии за квалификации немаат соодветен профил или експертиза, секторските комисии за квалификација може да вклучат надворешни експерти во евалуацијата.

(3) Ако резултатот од евалуацијата на секторската комисија за квалификации е негативен, предлогот за вклучување или ревизија на стандардот на квалификација се враќа кај барателот за понатамошна ревизија, заедно со препораки и насоки за тоа какви промени треба да бидат направени.

(4) Ревидираниот предлог за вклучување или ревизија на стандардот на квалификација може да биде одново поднесен за евалуација.

(5) Кога резултатот од евалуацијата на секторската комисија за квалификации е позитивен, таа му дава позитивно мислење на Националниот одбор за вклучување на новиот или ревидиран стандард на квалификација во Регистарот.

(6) Комуникацијата меѓу секторските комисии за квалификации, Националниот одбор и барателот се врши преку Министерството за образование и наука, односно неговото одделение за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

**Член 23**

**Усвојување на стандардите на квалификации**

(1) Врз основа на позитивното мислење на секторската комисија за квалификации за вклучување на стандардот на квалификација во Регистарот, Националниот одбор го усвојува стандардот на квалификација и издава Одлука за внесување на стандардот на квалификација во Регистарот.

(2) Врз основа на Одлуката на Националниот одбор, одделението за административна поддршка на работењето на Националниот одбор и на секторските комисии за квалификации го внесува стандардот на квалификација во Регистарот.

(3) Стандардот на квалификација од Регистарот служи како референтна точка за развој и евалуација на образовни програми кои водат кон постигнување на соодветната квалификација.

**Член 24**

**Програми за стручно образование и обука (СОО)**

(1) Барањето за проверка на усогласеноста на предложените програми за стручно образование и обука со стандардите на квалификации од Регистарот, кога е поднесено одделно од стандардот на квалификација, се состои од предложената програма за СОО и придружен допис.

(2) Придружниот допис дава информации за начинот на кој била развиена програмата за СОО и усогласена со стандардот на квалификација.

(3) И програмата за СОО и придружниот допис мораат да бидат потпишани/ заверени од овластено(и) лице(а) и да бидат доставени или по пошта или електронски до Министерството за образование и наука, до одделението одговорно за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

(4) Одделението во Министерството од став 3 од овој член оценува дали поднесената документација е соодветно комплетирана, одлучува која секторска комисија за квалификации ќе биде надлежна за евалуација на предложената програма за СОО и изготвува предлози за евалуацијата која треба да биде извршена од секторската комисија за квалификации.

**Член 25**

**Евалуација на програмите за СОО**

(1) Секторската комисија за квалификации врши евалуација на предложената програма за СОО врз основа на општите критериуми од член 33 и специфичните критериуми пропишани во методологијата за евалуација на образовните програми усвоена од Националниот одбор.

(2) За евалуација на програмите за СОО за кои членовите на секторските комисии за квалификации немаат соодветен профил или експертиза, секторските комисии за квалификации може да вклучат надворешни експерти во евалуацијата.

(3) Ако резултатот од евалуацијата на секторската комисија за квалификации е негативен, предлогот за вклучување или ревизија на програмата за СОО се враќа кај барателот на понатамошна ревизија, заедно со препораки и насоки за тоа какви промени треба да бидат направени.

(4) Ревидираниот предлог за вклучување или ревизија на образовната програма може да биде одново поднесен за евалуација.

(5) Врз основа на позитивното мислење на секторската комисија за квалификации, надлежниот министер за образование и наука ја усвојува образовната програма.

(6) Одделението одговорно за административна поддршка на секторската комисија за квалификации ја внесува образовната програма во Регистарот.

(7) Комуникацијата меѓу секторските комисии за квалификации и барателот се врши преку Министерството за образование и наука, односно неговото одделение за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

## VII.

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ ВО МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

**Член 26**

(1) Националниот одбор, по сопствена иницијатива, или врз основа на образложен предлог од засегната организација или институција поведува иницијатива за развој на програма за основно образование на возрасни.

(2) Постапките за поднесување, евалуација и усвојување на образовни програми од член 13 од овој Правилник се применуваат соодветно на програмите за основно образование на возрасни.

(3) Постапката од член 24 и 25 од овој Правилник се применува соодветно за поднесување, евалуација и одобрување на формални програми за СОО на возрасни.

**Член 27**

Центарот за образование на возрасни врши евалуација на неформалните образовни програми согласно соодветните стандарди на квалификации во Регистарот на МРК и со користење на методологијата усвоена од Националниот одборот за НРК и Правилникот за начинот на акредитирање на неформални програми за образование на возрасни, издаден од Центарот.

## VIII.

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНИ КВАЛИФИКАЦИИ ВО МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

**Член 28**

**Развој**

(1) Високообразовна институција или конзорциум од високообразовни институции развиваат стандард на квалификација врз основа на компетенциите со кои се исполнуваат потребите на засегнатите страни (пазар на труд, општество, корисници и систем на квалификации) и според Методологијата за развој и евалуација на стандардите на квалификации, усвоена од Националниот одбор.

(2) Предлогот се состои од предложениот стандард на квалификација и придружен допис.

(3) Во придружниот допис се содржи куса информација за оправданоста за развој или ревизија на стандардот, употребените методи и експертите вклучени во развојот на стандардот, користените документи и други информации од значење за евалуација на предлогот.

(4) И предлогот и придружниот допис мораат да бидат потпишани и/или заверени од овластени лица и да бидат доставени или по пошта или електронски до Министерството за образование и наука, до одделението одговорно за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

(5) Одделението во Министерството од став 4 од овој член оценува дали поднесената документација е соодветно комплетирана и изготвува предлог за евалуација која треба да биде извршена од Националниот одбор.

**Член 29**

**Евалуација на стандардите на квалификации**

**Национален одбор**

(1) Националниот одбор врши евалуација на значењето на предложениот стандард на квалификација за пазарот на труд, општествените потреби и потребите на поединците.

(2) Евалуацијата на значењето на предложениот стандард на квалификација се врши од Националниот одбор според следните општи критериуми:

- Употребени се различни студии на анализи на пазарот на трудот како основа за развој на стандардот на квалификација.
- Значењето на стандардите на квалификации е претставено во стратешки и политички документи.
- Анализирани се податоци за вработливоста и вработеноста.
- Квалификацијата придонесува кон општата благосостојба на граѓаните и приоритетите за општествен развој, како и кон личниот развој, самоувереноста и креативноста на поединците, особено земајќи ги предвид демократските начела, почитта за човековите права и основните

слободи и човековото достоинство.

(3) Националниот одбор врши евалуација на предложениот стандард на квалификација користејќи ги општите критериуми од став 2 и специфичните критериуми пропишани во методологијата за развој и евалуација на стандардите на квалификации, усвоена од Националниот одбор.

(4) Националниот одбор може да бара мислење од надлежната секторска комисија за квалификации, ако постои таква, или од друго релевантно тело или да воспостави ад хок тело за евалуација на значењето на квалификацијата за пазарот на труд, општествените потреби и потребите на поединците.

(5) Во случаите кога телото од став 4 го оценува предлогот, се употребуваат истите критериуми од став 2 и став 3.

(6) Конечното мислење за значењето ќе биде издадено од страна на Националниот одбор врз основа на мислењето на телото од став 4, ако е применливо.

(7) Ако Националниот одбор го оцени предлогот како неоправдан, од аспект на значењето за пазарот на трудот, општествените потреби и потребите на поединците, ќе го отфрли предлогот за вклучување на стандардот на квалификација во Регистарот и ќе издаде Одлука која ќе содржи објаснение за секој критериум од став 2 и став 3 или, ако е применливо, мислењето на телото од став 4. Одлуката ја потпишува претседателот на Националниот одбор.

(8) Во случај на отфрлање на предлогот за вклучување на стандардот на квалификација во Регистарот, на барателот му е дозволено да предложи ревидиран стандард на квалификација најрано шест месеци по отфрлањето.

(9) Ако Националниот одбор го процени предлогот како оправдан од аспект на значењето за пазарот на труд, општествените потреби и потребите на поединците, тој издава позитивно мислење за предлогот.

(10) Позитивното мислење на Националниот одбор ќе содржи објаснение за секој критериум од став 2 и став 3 или, ако е применливо, мислењето на телото од став 4. Го потпишува претстседателот на Националниот одбор и се испраќа до Министерството за образование и наука, до одделението одговорно за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

(11) Одделението во Министерството од став 10 од овој член го изготвува и испраќа предложениот стандард на квалификација за понатамошна евалуација на квалитетот која треба да биде извршена од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

(12) Комуникацијата меѓу Националниот одбор и Одборот за акредитација и

евалуација на високото образование се врши преку одделението за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации во рамките на Министерството.

**Член 30**

**Евалуација на стандардите на квалификации**

**Одбор за акредитација и евалуација на високото образование**

(1) Одборот за акредитација и евалуација на високото образование врши евалуација на следните елементи од предлогот:

- дали резултатите од учењето од предлогот за стандард на квалификација се усогласени со општите описи на поврзаното ниво на квалификација како што е пропишано со член 7 од Законот за Националната рамка на квалификации и член 9 и член 11 во Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации;
- дали критериумите за упис се јасно дефинирани;
- дали вкупниот број на кредити од предлогот за стандард на квалификација е усогласен со условот за минимален број на кредити за даденото ниво;
- дали предложениот начин на кој се постигнуваат резултатите од учењето е соодветен;
- дали предложениот начин на кој се оценуваат резултатите од учењето е соодветен;
- дали предложените човечки ресурси за спроведување на програмата за постигнување на резултатите од учењето се соодветни;
- дали предложените материјални услови за спроведување на програмата за постигнување на резултатите од учењето се соодветни;
- дали називот на предложената квалификација е разбирлив за сите засегнати страни, во согласност со одредбите со кои се уредуваат називите од Законот за високото образование и во согласност со Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација.

(2) Одборот за акредитација и евалуација на високото образование го дава своето експертско мислење во стандардизирана форма која содржи недвосмислено

изразување на одобрување или отфрлање на евалуираниот предлог и објаснение за секој евалуиран елемент.

(3) Експертското мислење на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование го потпишува претседателот на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и се доставува или по пошта или електронски до Министерството за образование и наука, до одделението одговорно за административна поддршка на Националниот одбор и секторските комисии за квалификации.

(4) Одделението во Министерството од став 3 од овој член го испраќа предложениот стандард на квалификација до Националниот одбор за конечно одобрување.

**Член 31**

**Конечно одобрување**

(1) Врз основа на позитивното мислење на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Националниот одбор издава Одлука за вклучување на предложениот стандард на квалификација во Регистарот.

(2) Одлуката од став 1 содржи два прилози: мислењето на Националниот одбор за значењето на предлогот и мислењето на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за квалитетот на предлогот.

(3) Врз основа на негативното мислење на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Националниот одбор го офрла предлогот за вклучување на стандардот на квалификација во Регистарот и издава Одлука која содржи два прилози: мислењето на Националниот одбор за значењето на предлогот и мислењето на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за квалитетот на предлогот.

(4) Во случај на отфрлање на предлогот за вклучување на стандардот на квалификација во Регистарот, на барателот му е дозволено да предложи ревидиран стандард на квалификација најрано шест месеци по отфрлањето.

## Член 32

## Вклучување на стандардите на квалификации во Регистарот

(1) Врз основа на Одлуката за вклучување на стандардот на квалификација во Регистарот издадена од Националниот одбор, Министерството за образование и наука, одделение за административна поддршка на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации го вклучува стандардот на квалификација во Регистарот.

(2) Стандардот на квалификација од Регистарот служи како референтна точка за развој и евалуација на образовни програми кои водат кон постигнување на соодветната квалификација.

# IX.

# ОПШТИ КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА КОЈА СЕ ВРШИ ОД СЕКТОРСКИТЕ КОМИСИИ ЗА КВАЛИФИКАЦИИ И НАЦИОНАЛНИОТ ОДБОР

## Член 33

(1) Евалуацијата на стандардите на квалификации и образовните програми во основното образование, гимназиското образование и уметничкото образование се врши од Националниот одбор според следните општи критериуми:

- Процесот на развој на стандардот и/или програмата е презентиран пред Националниот одбор на транспарентен начин.
- Применета е соодветната методологија за развој на стандарди на квалификации и на програми, како и за насочување за осигурување квалитет на развојот на стандарди на квалификации и програми, усвоена од Националниот одбор.
- Во процесот се вклучени експерти од областа.
- Почитувани се релевантните стратешки и политички документи.

(2) Оценувањето на стандардите на занимања се врши од секторските комисии за квалификации според следните општи критериуми:

- Стандардот на занимање е развиен врз основа на анализа на пазарот на

трудот.

- Описот на стандардот на занимање е презентиран на јасен и разбирлив начин.
- Се употребува соодветна методологија за развој на стандарди на занимања, усвоена од Националниот одбор.
- Рокот за употреба на стандардот на занимање е соодветен.
- Вклучени се експерти од областа во развојот на стандардот на занимање.

(3) Оценувањето на стандардите на квалификации од СОО и образованието на возрасни развиени врз основа на стандарди на занимања се врши од секторските комисии за квалификации според следните општи критериуми:

- Јасно е образложена потребата за воведување на стандард на квалификација.
- Стандардот на квалификација е во согласност со соодветниот стандард на занимање.
- Стандардот е во согласност со описите на нивоата на МРК.
- Стандардот е во согласност со соодветниот број на ЕКВЕТ кредити пропишани со Законот за НРК.
- Применета е соодветната и транспарентна методологија за развој на стандарди на квалификации и на програми, како и за насочување за осигурување квалитет на развојот на стандарди на квалификации и програми, усвоена од Националниот одбор.

(4) Оценувањето на усогласеноста на програмите за СОО и образование на возрасни со соодветните стандарди на квалификации се врши од секторските комисии за квалификации според следните општи критериуми:

- Резултатите од учењето на програмата се усогласени со резултатите од учењето на стандардот на квалификација.
- Резултатите од учењето на програмата се развиени како резултат на заедничка работа на експерти.
- Во процесот на развој на програмата се вклучени почитувани и реномирани експерти од содветните области.
- Применета е методологијата за развој на програми, како и за насочување за осигурување квалитет на развојот на програми, усвоена од Националниот одбор.

(5) Оценувањето на значењето на поднесениот стандард на квалификација на нивоата V-Б, VI и VII се врши од Националниот одбор според следните општи критериуми:

- Употребени се различни студии на анализи на пазарот на трудот како основа за развој на стандардот на квалификација.
- Значењето на стандардите на квалификации е претставено во стратешки и политички документи.
- Анализирани се податоци за вработливоста и вработеноста.

## X.

## СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА МРК

### Член 34

(1) За целите на следење на развојот на Македонската рамка на квалификации како целина, се поднесуваат извештаи до Националниот одбор од сите релевантни тела.

(2) Релевантни тела се Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Националниот центар за тестирање, Државниот просветен инспекторат, Информативниот центар за признавање на високообразовни квалификации (ЕНИК/НАРИК), Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни, Бирото за развој на образованието.

(3) Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни и Бирото за развој на образованието заеднички поднесуваат извештај до Националниот одбор.

(4) Извештаите од став (1) од овој член се поднесуваат еднаш годишно.

(5) Поднесените извештаи се презентираат пред Националниот одбор за време на заеднички состаноци со Националниот одбор.

### Член 35

Ако биде побарано од Националниот одбор, се изготвуваат извештаи од сите релевантни тела за целите на задолжително известување кон ЕУ или меѓународни институции или тела.

**Член 36**

За целите на следење на имплементацијата на НРК, се спроведува надворешна евалуација од страна на експерти преку таргетирани студии и истражувачки анализи.

## XI.
## ПОВРЗАНОСТ СО СЕКТОРСКИТЕ КОМИСИИ ЗА КВАЛИФИКАЦИИ
## (Воспоставување на секторски комисии за квалификации)

**Член 37**

Националниот одбор ги воспоставува секторските комисии за квалификации преку јавен оглас или со директно именување од страна на институциите.

**Член 38**

Членовите на секторските комисии за квалификации кои се директно именувани од одредена институција се:

- претставник на надлежното министерство,
- претставник на Министерството за образование и наука,
- претставник на Центарот за стручно образование и обука,
- претставник на Центарот за образование на возрасните,
- претставник на Бирото за развој на образованието.

## Член 39

Националниот одбор испраќа официјално барање до институцијата од член 38: Институцијата именува претставник во рок од 30 дена од денот на прием на барањето.

## Член 40

Националниот одбор објавува јавен оглас за пријавување за следните членови на секторските комисии за квалификации:

- член на здружение на работодавачи од соодветниот сектор,
- член на репрезантативниот синдикат на вработените од соодветниот сектор,
- член на соодветно тело надлежно за регулирани професии.

## Член 41

Огласот содржи информации за:

а. улогата на секторските комисии за квалификации

б. називот на секторските комисии за квалификации за кои е објавен огласот

в. документација која е потребно да ја поднесе апликантот

г. критериуми за избор на апликантот

д. рок за поднесување на апликацијата

ѓ. адреса за поднесување на апликацијата

е. други релевантни информации.

## Член 42

Апликантот мора да поседува искуство од значење за специфичната секторска комисија за квалификации за која апликантот се пријавува. Други специфични критериуми за избор на апликантите се дефинираат во јавниот оглас.

**Член 43**

**Известување од секторските комисии за квалификации**

(1) Годишниот извештај на секторските комисии за квалификации се состои од:

а. назив на секторската комисија за квалификации

б. податоци за состаноците на секторската комисија за квалификации

в. спроведени активности од надлежноста на секторските комисии за квалификации

г. постигнати резултати

д. список на релевантни прилози

(2) Модел извештај на извештајот на секторските комисии за квалификации е приложен кон овој Правилник.

**[*Година*] Годишен извештај на секторската комисија за квалификации Назив на секторската комисија за квалификации**

*[Место, датум]*

Одржани се следниве состаноци:

1. Прв состанок,

[*датум*] 2. ...

3. ...

Беа спроведени следниве активности во согласност со Годишната програма за работа за [*година*]:

| | **Активност** | **Резултат** |
|---|---|---|
| 1. | **Обуки на членови на секторската комисија за квалификации** | |
| 1.1. | *Ве молиме дополнете информации за обуката: тема на обуката, датум и институција-организатор.* | *Ве молиме опишете во 1 реченица што им беше претставено на членовите на секторската комисија за квалификации за време на обуката:* |
| 1.2. | | |
| 1.3. | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **Препораки или мислења издадени од секторската комисија за квалификации** | |
| 2.1. | *Ве молиме дополнете информации за препораката или мислењето издадено од комисијата: назив и датум на документот.* | *Ве молиме опишете ја во 1 реченица целта на документот.* |

| | | |
|---|---|---|
| 2.2. | | |
| 3. | **Оценети барања за внесување на стандарди на квалификации во Регистарот** | |
| 3.1. | *Ве молиме дополнете информации за барањата за внесување на стандарди на квалификации во Регистарот.* | *Ве молиме опишете ги во 1 реченица резултатите од оценката.* |
| 3.2. | | |

| **Прилози** |
|---|
| 1. *Годишна програма за работа* |
| *2. Агенда за состанокот* |
| *3. Записник од состанокот* |
| 4. |
| 5. |

| **Самоевалуација** | |
|---|---|
| Секторска комисија за квалификации | *Да се пополни од претседателот на секторската комисија за квалификации врз основа на консултации со членовите.* |
| Национален одбор за Македонската рамка на квалификации | *Да се пополни од Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации* |

____________________________________

Претседател на секторската
комисија за квалификации

____________________________________

Претседател на Националниот одбор
за Македонската рамка на
квалификации